Дами и господа,

- *“Спротивставувањето на корупцијата во владата е врвна одлика на патриотизмот“* – Едвард Грифин
- Поради тоа што: корупцијата е злоупотребување на моќта која е доверена – ги повредува обичните луѓе секој ден (transparencyinternational.org)
  -корупцијата никогаш не треба да се сфаќа како предодреден факт кој треба да се прифати
  -корупцијата е вирус кој се шири доколку не се третира веднаш и ефикасно
  -корупцијата не предизвикува штети само на државата и на економијата: им штети и на луѓето: им ги скратува на граѓаните нештата кои им селедуваат: квалитетно и достапно образование, квалитетна и достапна здравствена заштита, безбедност и сигурност.

  Корупцијата е и продолжува да биде еден од најголемите предизвици со кој се соочуваат сите влади. Во време на економски кризи, овој проблем станува уште поважен.

  За да го победиме вирусот ни требаат: промени во менталитетот, во однесувањето. Ни треба повеќенасочен пристап: не е доволно да се справиме со само еден сектор: сите треба да се вклучат.

  Токму тоа е и основната цел на постоењето на АЛАК центрите: да им помогнат на граѓаните да се вклучат во овој процес.
  Како?
  - Преку обезбедување на информации, помош и совети, преку анализа на жалбите и капацитетот на владата да се справи со нив, преку зголемување на свесноста и потребата за интегритет и транспарентност, преку обезбедување поддршка на владата во зголемувањето на нивото на интегритет и транспарентност.

- Потребно е повеќе од донесување на нови закони или основање на нови институции за да се справиме со проблемот на корупцијата. Во Македонија не недостасуваат закони или нови институции.Се работи за прашање на спроведување, извршување и координирање на активностите кои се преземаат против корупцијата.
- Уште поважно, се работи за промени во свеста и за вклучување на граѓаните, затоа што на крајот тие ја плаќаат сметката од тоа што се

случува. Тие треба да се охрабрат и да се заштитат, со цел да се вклучат.

- Холандија има голема посветеност во промовирањето на граѓанската вклученост во борбата против корупцијата и во поттикнувањето на доброто владеење. Граѓаните кои се вклучени, силни и информирани се клучниот елемент во секоја демократска држава во која постои владеење на правото. Само доколку граѓаните се активно вклучени демократијата ќе биде реалност во вистинската смисла на зборот.
- Ова е и главната причина поради која Холандија одлучи да го поддржи овој проект: да се консолидира и зголеми влијанието што АЛАК го имаше досега, но и да се обезбеди негова одржливост. Концептот на АЛАК не е нов во оваа држава. АЛАК центарот во Скопје беше меѓу првите кои беа воспоставени веќе во 2003 година. Моделот на АЛАК е во моментов еден од најдинамичните експерименти во интервенциите против корупцијата кои се спроведуваат од глобалното движење Транспаренси интернешнл. Денес постојат АЛАК центри во повеќе од 50 држави, и повеќе од 120.000 луѓе имаат контактирано со еден од тие центри.
- Со отворањето на две нови канцеларии на АЛАК во Тетово и Штип, Трансперенси интернешнал – Македонија го доближува овој концепт до граѓаните. Оваа канцеларија на АЛАК во Тетово треба да им помогне на граѓаните од овој регион со тоа што ќе ја зголеми ефикасноста на борбата против корупцијата. Преку директниот контакт со граѓаните канцеларијата ќе обезбеди подлабоко разбирање за тоа како корупцијата функционира во пракса.
- Потребен ни е повеќенасочен пристап доколку сакаме да се ослободиме од вирусот на корупцијата. Тој процес не може да биде воден од само еден сектор, уште помалку само од владата и нејзините антикорупциски агенции. Процесот мора да е придружуван од промени во однесувањето и свеста на сите вклучени страни, владата, приватниот сектор и граѓаните. Како што веќе напоменав, вклученоста на граѓаните е од најголема важност за одржливоста и успешноста на овие активности.
- Би сакала да ви посакам успешен почеток на работата и во исто време би сакала да ве поттикнам да ја искористите оваа можност и да придонесете во функционирањето на вистински демократски систем во оваа држава!